
БРАНУВАЊА
Списание за литература, култура и уметност број 20 - 2022 година
Списанието е со посвета на првиот уредник и издавач
ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ

# СОДРЖИНА

1.Димче ШИПИНКАРОВСКИ, ОБРАЗЛОЖЕНИЈА ЗА ДОБИТНИКОТ НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗА 2022 ГОДИНА НАУМ БАЈО И ЗА ДОБИТНИКОТ НА ПОЧЕСНАТА НАГРАДА ЗА ПОСЕБНИ КНИЖЕВНИ ОСТВАРУВАЊА ОД СТРАНСТВО ЗА 2022 ГОДИНА Е Никола ШИМИЌ ТОНИН ОД РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА / 8
2.Димче ШИПИНКАРОВСКИ, НЕКОЛКУ ЗБОРА ЗА КОНКУРСОТ „ПЕТКОВИОТ АМАНЕТ" / 10
3.Наум Бајо, ЧЕТИРИ ПОСЛАНИЈА ЗА МОЈОТ СТРУШКИ ПРИЈАТЕЛ ПЕТКО / 13
4. Никола ШИМИЌ – ТОНИН: IN MEMORIAM ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ (1946 - 2020) / 21
5.Мишо КИТАНОСКИ, ПОСЛЕДНОТО ИНТЕРВЈУ СО ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ: ТВОРЕЧКИТЕ ВИБРЦИИИ И СИНЕРГИЈА ВО КУЛТУРАТА / 22

## СОГЛЕДБИ И ВРЕДНОСТИ (ПРОЗА, КРИТИКА, ЕСЕИ)

6.Проф. д-р Христо ПЕТРЕСКИ: ЗА ЛИКОТ И ТВОРЕШТВОТО НА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 32
7.Јованка ДЕНКОВА: ПОВЕЌЕСЛОЈНОСТА ВО РОМАНИТЕ НА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 35
8.Проф. д-р Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА: КРАТКО ЗА КНИЖЕВНИОТ ПЕЧАТ НА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 38
9.Весна МУНДИШЕВСКА-ВЕЛЈАНОВСКА: ВО ЗАПЧЕНИКОТ НА ЧАСОВНИКОТ КОЈ ГО ПРИДВИЖУВА АКТУЕЛНОТО БИДУВАЊЕ / 40
10.Елизабета ЈОНЧИЌ: ФИГУРАТИВНИОТ ОТСЛИК НА ЕДНА ИРОНИЧНА РЕАЛНОСТ ВО КНИГАТА РАСКАЗИ „ВЕЧЕН ЖИВОТ" ОД ПИСАТЕЛОТ ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 42

## ЗАПИШАНО ВО ВРЕМЕТО

11.Мишо КИТАНОСКИ: : ВО ФОКУСОТ: ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 46
12.Веле МИТАНОСКИ: СЕЌАВАЊЕ ЗА ПЕТКО, ПРИЈАТЕЛ ШТО СЕ НАОЃА РЕТКО / 47
13.Митре МАНГОСКИ РАДОЖДАНСКИ: СПОМЕНИ ОД ПОЕТСКАТА РИЗНИЦА / 50
14.Васил ТОЦИНОВСКИ: ЗАПИС ЗА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ / 52
15.Марина МИЈАКОВОСКА: ПИСАТЕЛ ШТО ПИСАТЕЛИТЕ ГО ПАМЕТАТ / 56

Јованка Денкова

# ПОВЕЌЕСЛОЈНОСТА ВО РОМАНИТЕ НА ПЕТКО ШИПИНКАРОВСКИ

Со името на писателот Петко Шипинкаровски (1946-2020) се поврзуваат повеќе исклучителни книжевни дела. Почнувајќи од романот „Откорнати души“ (2005), преку романот „Златни обетки за Марија“ (2011), се пројавува како автор и на драми, монодрами, романизирани монографии, поетски збирки, преведувач, но и како автор за деца. Овде неизоставно треба да се споменат неговите раскази за деца „Разбранувани води“, романот за деца и млади „Златни обетки за Марија“, а овде би можел да се вброи и романот „Децата на Марија“, објавен 2012 година, како издание на БРАН од Струга.

Иако романот „Децата на Марија“ хронолошки следува по „Златните обетки на Марија“ овие две нарации не се поврзани ниту според ликовите ниту според времето/местото на одвивање на дејството. Она што ги поврзува е неговото писателско перо, кое во нив задира во најситните дамари на македонската душа, ја подраспретува и припокрива. Тоа извонредно перо на Петко Шипинкаровски, ја обезбедило опстојбата на романиве, благодарение на нивната повеќеслојност. Со своите тематско-мотивски особености тоа се романи-мозаици во кои вешто и хармонично се испреплетуваат реалистичните, историските, авантуристичките, љубовните и семејните теми.

Во романот „Златните обетки на Марија“, хронотоп е нашето современие, најчесто во Охрид и неговата околина, а поретко во странство и тоа ја потенцира неговата реалистичност. На прашањето што е реализмот според теоретичарите на уметноста, Јакобсон ни дава одговор: „Тоа е уметнички правец чијашто цел е колку што е можно поверно да ја отсликува стварноста, кој тежнее кон максимум веродостојност. За реалистични ги прогласуваме оние дела за кои ни се чини дека верно ја пренесуваат стварноста, дека се веродостојни“.[1] Хронотопот, времето и просторот се неопходни категории во раскажувачката реалистична проза, посебно се застапени во дневникот кој ни прикажува дел од животот на авторот (од четиринаесетгодишна возраст, па сè до професионалното остварување на Петар), следејќи го во неговите патувања низ Охридското езеро, на студиите во Скопје и на патувањето во Америка. Реалистичноста во романот „Децата на Марија“, пак, е засведочена преку сликање на страдањата и опстановката на македонскиот народ од Мариово среде вителот на Првата светска војна, прогоните, тепањата, затворањата и палежите од српските окупаторски војски и нивните асимилаторски политики: „Турчинот векови-векови векувал кај нас во нашата Земја и не ни ја сменил верата, нацијата. Вистина чрапнал нешто тука и таму, ама нè оставил читави, да сме си тоа што сме. А наспроти овиа, што везден тарашваа по земјата и по селата, пак, а бре со сила сакааат да нè посрбат, да нè побугарат, да нè погрчат, да се каил да нè одродат од тоа што сне“ (стр.46)[2]. Секако, мошне впечатливи се и топлите и впечатливи описи на народното патријархално живеење, неговите убавини, но и неговата мачнотија во случаи кога над невината детска душа како црни птици се надвиснале злонамерните очи. Истовремено, со оваа историска нарација авторот ја потврдува историската компонента/слој на својот роман. Историски роман претставува роман кој има свое поставување на период од историјата и кој се обидува да ги пренесе случувањата, состојбите, манирите, духот од минатото време со реални детали, вредности и факти. Историската нарација дава фактографски преглед на одредени настани од минатото кои се базираат врз научни принципи. Претставувањето

[1] Roman Jakobson, Ogledi iz poetike, Prosveta, Beograd, 1978.

[2] Петко Шипинкаровски, Децата на Марија, ЗЛКН Бран, Струга, 2010.

на настани кои се случиле во определен простор и во определен временски период од минатото го согледуваме во историската нарација.[3]

И во двата романи, историската нотка задира во нашите вековни грчевити настојувања да се опстои. Во „Златните обетки на Марија“ историското е во прикажување на текот од археолошките ископувања околу Самоиловата тврдина, на Плаошник, истражувањата во подезерскиот град Врбник, историјата на манастирот Свети Пантелејмон, запознавање со преданието за Свети Заум и др. Особено видлива е сеприсутната вера во романот, која е како нераскинлива врска со нашето минато низ вековите, но и сегашноста. Овој религиозен слој во романот „Децата на Марија“ е евидентен уште на самиот почеток, зашто со него се отвора сликата на насобраниот народ во село Трново, на манастирот Свети Димитрија на празникот Мала Богородица. Токму среде тој насобран народ, авторот/наратор, по многу години се среќава со Љупка, ќерката на Марија која му ги пренесува раскажувањата на својата мајка и нејзините животни ветрометини. Особено се впеатливи верувањата на народот во огромната моќ на светецот на чие место се собрани, за казната што знае да ја нанесе на оние кои не го почитуваат/го поганат, или да се појави одненадеж за да им ја покаже својата сеприсутна сила и заштита: „И туку од онаму, откај Средни Рид, се зададе нешто бело, ко да се стркала накај мене, ете, онаму кајшто си седев под кулата и ко некои самовили ко да вијат, (...), и туку онаму, кај каменот, се исправи коњ со човек качен на коњот... И туку коњот, ни едно-ни две, се кутна на предните колена и соси човекот се пикна под каменот“ (стр.17).

Како слој на авантуристичкиот роман се јавува и патувањето за кое Катица Ќулафкова ќе каже: „Патувањето уште по дефиниција се сфаќа како синоним за доживувања и авантури. Патувањето е, затоа, откривање на светот во кој живееме или на непознатиот свет. Патувањето е откривање на луѓето во тој свет“... Затоа патувањето било во книжевноста омилен облик на изразување. Патувањето е само по себе специфична и изделлива форма, податлива за прераскажување и за опишување...“[4] Во понатамошниот тек на дејството, авантурите на Петар продолжуваат на археолошките локалитети во околината на Охрид, копајќи низ старите гробови. Потрагата по нешто скапоцено, истражувањето на нешто се чести елемент во авантуристичките романи. Посебно авантуристичко доживување за Петар претставува ископувањето на гробницара на кралот и кралицата и пронаоѓањето на обетките на кралицата Роксана. Потоа, заедничките посети со Марија низ охридските манастири и цркви претставуваат секоја за себе посебна авантура и доживување. Како авантуристички момент во романот „Децата на Марија“ може да се издвои она мачно бегање од родното огниште пред наездата на луѓето-ѕверови, патувањето во кавадаречкиот крај по посигурна живеачка, а во тој контекст не смее да се изостави и пронаоѓањето на скриеното богатство- златото, од страна на таткото на Марија.

На крај, особено вреди да се проговори за љубовниот слој во овој роман, преку кој ни се доловуваат мирисите и трепетите на едно минато време, време на скриени љубови во одблесокот на огледалцата, како што ќе рече Шипинкаровски: „Време на штрек, време на скриена љубов, време на намигнувања, а не на вистинска, блиска љубов, љубов со сласт, неразделна во заеднички предбрачни ноќи, брак на проба“ (62).

---

[3] Encyclopedia Britannica, Historical novel literature, https://www.britannica.com/art/historical-novel

[4] Јованка Денкова, Сказновидното во македонска проза за деца и млади, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2015.